**20240501276**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и 24 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 февруари 2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2023 ГОДИНА НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ – ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА СКОПЈЕ

1. Во Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2023 година на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/23), во точката 1 зборовите „во износ од 303.189.002 денари за испорачани 31.573.114 kWh топлинска енергија “ се заменуваат со зборовите „во износ од 211.732.249 денари за испорачани 28.734.771 kWh топлинска енергија“.

2. Во точката 2 табелата се менува и гласи.

| Реден број | Група на Корисник | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **I.** | **СТАНБЕН ПРОСТОР** | | |
| а) | **Паушална наплата** | | |
| а/1 | На 12 месечни рати | ден/m² | 76,30 |
| а/2 | На 6 месечни рати | ден/m² | 152,60 |
| б) | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 2.263,2711 |
| б/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 4,0080 |
| **в)** | **Наплата со мерач** | | |
| | Испорачана енергија за индивидуални објекти | ден/kWh | 5,8494 |
| **II.** | **ОСТАНАТИ** | | |
| а) | **Наплата со мерач** | | |
| а/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 3.960,7245 |
| а/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 7,0140 |

3. Точката 3 се менува и гласи:

„Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства : останати“ е утврден да изнесува 1 : 1,75 “

4. Точката 4 се менува и гласи:

„Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат од денот на отпочнувањето на примена на оваа одлука до крајот на грејната сезона 2023/2024 година. “

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 февруари 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги
за управување со комунален отпад
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр.08-134/24
29 февруари 2024 година
Скопје